Sweden Sverige

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

UNDP

# ПОКАНА

за учество на тренинг за обезбедување податоци за подготовка на успешни планови за квалитет на амбиентен воздух

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате на тренингот за обезбедување податоциза подготовка на успешни планови за квалитет на амбиентен воздух кој ќе се одржи на 13.12.2023 со почеток од 10 часот во просториите на Општина Струмица, Младински центар, ул. Сандо Масев бр. 1.

Тренингот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот „Справување со загадување на воздухот“, кој е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Тренингот ќе го спроведуваат проф. д-р Дејан Мираковски, Ректор на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Анета Стефановска и Александра Крстеска од Министерството за животна средина и просторно планирање и Томислав Андреев од Општина Струмица, а ќе им овозможи на учесниците да се запознаат со различните начини за собирање податоци за подготовка на планови за квалитет на воздух во општините.

За таа цел од исклучително значење за оваа работилница е присуството на претставници на општината кои работат во релевантните сектори и одделенија.

Во прилог Ви ја доставуваме и агендата за тренингот. Воедно, со цел подобра организација на настанот Ве замолуваме најдоцна до 11.12 да не информирате за бројот на претставници од Вашите општини кои ќе присуствуваат на тренингот.

Со надеж дека ќе ја прифатите оваа покана, и ќе бидете дел од тренингот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска,

Центар за климатски промени

**Агенда**

Тренинг за обезбедување податоци за подготовка на успешни планови за квалитет на амбиентен воздух

**Дата:**13.12.2023, 10:00 часот

**Локација:** Сандо Масев бр. 1, Струмица

| | | |
|---|---|---|
| **10:00-10:30** | **Регистрација на учесници** | |
| **10:30-10:45** | Вовед во тренигот и темата | Претставник на општина Струмица<br><br>UNDP претставник<br><br>**Бојана Станојевска Пецуровска, ЦКП** |
| **10:45 – 11:15** | Прибирање податоци за подготовка на студија за пропорционирање на уделите на загадувачки супстанци во воздухот | **Проф. Др. Дејан Мираковски, УГД** |
| **11:15 – 12:00** | Чекори за прибирање податоци при подготовка на катастар на загадувачи и други плански документ | **Бојана Станојевска Пецуровска, ЦКП** |
| **12:00 – 12:30** | Кафе пауза | |
| **12:30 – 12:45** | Презентација на план за квалитет на амбиентен воздух на Струмица и начин на прибирање податоци за подготовка на планот | **Томислав Андреев,** Раководител на одделение за заштита на животната средина Општина Струмица |
| **12:45 – 13:15** | Преглед на квалитетни податоци за план за квалитет на амбиентен воздух | **Анета Стефановска, Александра Несторовска Крстеска, МЖСПП** |
| **13:15-13:30** | Презентација на резултатите од истражување на перцепцијата на граѓаните и претставниците од локалната самоуправа и јавните институции и установи за прашања поврзани со загадувањето на воздухот во Кавадарци, Струмица, Гостивар, Куманово и Струга | **Александра Димова Манчевска, УНДП** |
| **13:30 – 14:30** | Работа во групи и дискусија | Сите учесници |
| **14:30 – 15.30** | Ручек | Ресторан Концепт Струмица |